MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

*Број 12-5535/2 01 август 2025 година*

Врз основа на чл.20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РС Македонија бр. 13/06, 86/2008, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16, 64/18 и 101/19)) Општина Штип донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за целосно прифаќање на

Барањето со број 12-5535/1 поднесено од [redacted], за пристап до информации од јавен карактер.

1. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за новороденче? Доколку да, која е висината на тој износ?

2. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за второ дете? Доколку да, која е висината на тој износ?

3. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за трето дете? Доколку да, која е висината на тој износ?

4. Кој е вкупниот број на градинки и клонови на градинките во општината и колкав е капацитетот за згрижување на деца според возраст?

5. Колку вкупно деца се сместени во градинките разделени според возраст?

6. Колкав е месечниот надоместок за згрижување во градинка?

7. Дали одредени категории родители /старатели се ослободени од плаќање месечен надоместок во градинка? Доколку да, кои категории?

8. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн. ) за потребите на градинките?

9. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн. ) за потребите на основните училишта?

10. Дали во основните училишта во општината се задолжителни училишните униформи за учениците? Доколку да, дали општината плаќа/ ги обезбедува училишните униформи во основните училишта?

11. Дали општината предвидува финансиска поддршка за одредени категории семејства кои се во социјален ризик (семејства со повеќе од две деца, самохрани родители, семејства со минимален приход, семејства кои користат социјална помош итн.)? Доколку да, колку изнесува финансиската

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Македонија*
Одделение за информирање на граѓаните Тел: (032) 22 66 21 *Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: suncica.gjufteska@stip.gov.mk*

10. Дали во основните училишта во општината се задолжителни училишните униформи за учениците? Доколку да, дали општината плаќа/ ги обезбедува училишните униформи во основните училишта?

11. Дали општината предвидува финансиска поддршка за одредени категории семејства кои се во социјален ризик (семејства со повеќе од две деца, самохрани родители, семејства со минимален приход, семејства кои користат социјална помош итн.)? Доколку да, колку изнесува финансиската поддршка и за кои групи на семејства?

12. Дали општината предвидува одредени финансиски субвенции за грижа на деца за родители/старатели кои не можат да ги вклучат своите деца во државна градинка во случаи кога нема место во градинката? Доколку да, кој е износотна финансиските субвенции?

13. Дали општината предвидува некаква финансиска поддршка за родители/старатели на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на финасиска поддршка е предвидена и колкав е изност?

14. Дали општината предвидува некакви мерки за поддршка на родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да,каков тип на мерка е предвидена и за клоја возраст на детето?

15. Дали општината предвидува мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот? Доколку да, за кои категории на жени и каков тип на мерки се предвидени?

Општина Штип како имател на бараните информации Ви доставува одговор од надлежното одделение

Поздрав,

Лице за доставување информации

согласно ЗСПИЈК

Сунчица Ѓуфтеска

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Македонија*
Одделение за информирање на граѓаните Тел: (032) 22 66 21 *Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: suncica.gjufteska@stip.gov.mk*

МКС
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09 – сл.*
*30..7..2025 година*
*Ш т и п*

**До**
Сунчица Ѓуфтеска
Лице за доставување информации согласно ЗСПИЈК

**Предмет: Одговор на барање**

Во врска со Вашето барање информации Ве известуваме следново:

1. Општината не обезбедува еднократна парична помош за новороденче.
2. Општината не обезбедува еднократна парична помош за второ дете.
3. Општината не обезбедува еднократна парична помош за трето дете.
4. Вкупниот број на детски градинки се две и тоа „Вера Циривири Трена'' и „Астибо''. ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена " располага со 5 работни единици на различни локации. Капацитетот на сите градинки е 490 деца кои што се од 8 месеци до 6 години. во склоп на ОЈУДГ„АСТИБО„Штип има 5 клонови (објекти) со вкупен капацитет од 840 деца,
5. Детската грдаинка „Вера Циривири Трена'' во воспитно –образовната 2024/2025 година беа згрижени 592 деца од кои 138 деца на возраст од 0-2 години и 454 деца од 2 до 6 години. Во ОЈУДГ„АСТИБО„Штип се згрижени 730 деца, од кои 125 деца од школска возраст и 605 деца од предшколска возраст, од кои 61 дете во јасли и 544 деца од 2 до 6 годишна возраст.
6. Месечниот надоместок за згрижување на деца зависи од присуството на детето, за цел месец е 1490 денари, до 5 дена е 745 денари и кога не посетува градинка 521 денари.
7. Од плаќање на месечен надоместок во градинка се ослободени Самохрани родители/старатели корисници на гарантирана минимална помош и вкупно се ослободени од партиципација 3 деца. Општина Штип за деца со попреченост и деца со ретки болести се ослободени од плаќање односно трошоците ги покрива општината за нивниот престој во детските градинки. Вкупно од партиципација се ослободени 9 деца од кои 4 деца во детската градинка Вера Циривири Трена и 5 деца во детската градинка Астибо.Општина Штип е дел од проектот „Проширување на пристапот и вклучување на децата Роми во услугите на ран детски развој и основно образование во Северна Македонија'' и истиот е финасиски поддржан од Ромски образовен фонд, носител на проектот е РРЦ Скопје а е поддржан од општина Штип и детската градинка Астибо.Преку проектот бесплатно се вклучени 40 деца од ромска националност во детските градинки и тоа 25 деца во „Астибо'' и 15 деца во детската грдаинка „Вера Циривири Трена''. Децата кои се опфатени се на возраст од 3 до 5,7 годишна возраст.
8. Општината не обезбедува хигиенски материјали за потребите на градинките.
9. Општината не обезбедува хигиенски материјали за потребите на училиштата.

10. Ве известуваме дека Општина Штип втора година по ред, обезбедува комплети ученички униформи (маици и дуксери) за учениците во основните општински училишта од прво до петто одделение кои се на товар на општината.
11. Секако постои можност доколку родителите сакаат на сопствен трошок дополнително да купат комплети или поедини парчиња (посебно маица, посебно дукс или цел комплет) од економскиот оператор кој ги изработува.
12. Општина Штип обезбедува средства за користење на додаток за домување на материјално и стамбено необезбедни лица и за жртви на семејно насилство.Додаток за домување е обезбедено за едно лице кое е материјално и стамбено необезбедено односно е корисник на гарантирана минимална помош.
13. Не обезбедува.
14. Да општината обезбедува финасиска поддршка на семејствата на деца со попреченост од прво до деветo одделение вклучени во редовното основно образование преку стипендирање во текот на целата учебна година во висина од 2000 денари месечно. Целта на овие стипендии е да се пружи поддршка на семејствата на учениците со попреченост во надминување на трошоците поврзани со нивното школување, училишни материјали, специјализирана опрема, вонnаставни активности, асистенти за помош/едукација, трошоци за терапија, транспортни трошоци итн. Исто така за учениците со попреченост од средните општински училишта кои се иклузирани во редовната настава се обезбедува месечна стипендија во висина од 2000 денари. Општината за децата од социјално ранливи семејства и децата со попреченост по повод новогодишните празници обезбедува пакетчиња.Општина Штип ги субвенционира трошоците за потреочена вода за пиење и собирање на отпад на членците на Здружението на слепи лица.Вкупниот износ на субвенција изнесува 500 денари месечно за секој корисник член на здружението.
15. Преку програмата Општинско корисна работа за учениците со посебни образовни потреби од средно образование се обезбедени образовни асистенти кои во текот на целата учебна година им помагаат во совладување на наставна материја.

*Изготвил:Вања Ц. Николовска*
*Контролирал: С. Санева*